**ДОГОВОР**
**за регулирање на меѓусебни права и обврски по основ на отворање на денарска сметка на резидент - физичко лице**

Склучен на ден година, во помеѓу:

**1. Силк Роуд Банка АД Скопје,** со адреса на ул. Даме Груев бр.1, Скопје, со ЕМБС 4633148, даночен број МК 4030993229939, SWIFT code KRSKMK2X (во понатамошниот текст: БАНКА) и

**2.**, со адреса на ул., и ЕМБГ (во понатамошниот текст: Сопственик на сметка).

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни, а во врска со отворање, водење и затворање на денарска сметка.
Страните во договорот се договорија Банката да воспостави деловен однос со Сопственикот на сметка, да отвори и води денарска сметка со број и да ги извршува сите трансакции по налог на Сопственикот кои ги исполнуваат условите од Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба објавена во Службен весник бр.137 од 27 мај 2020 година, бр. 147 од 03 јуни 2020 година и бр. 151 од 08 јуни 2020 година.

## 2. ОТВОРАЊЕ НА СМЕТКА

**Член 2**

Сметката од член 1 на овој договор се отвора врз основа на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба објавена во Службен весник бр.137 од 27 мај 2020 година, бр. 147 од 03 јуни 2020 година и бр. 151 од 08 јуни 2020 година (во понатамошниот текст: Уредбата) и истата се користи во согласност со Уредбата.
Барањето и потребната документација за отворање на сметката се прилог и составен дел на овој договор.

**Член 3**

Со средствата на Сопственикот на сметката располага Сопственикот на сметката или законскиот застапник на Сопственикот на сметката.
Банката на Сопственикот на сметката и на законскиот застапник им издава потписен картон со депонирани потписи.
Банката не е одговорна во случај на злоупотреба на даденото овластување за располагање со сметката ниту пак при фалсификување, измама или злоупотреба на потписниот картон заради невнимание на Сопственикот на сметката. Евентуалните последици што би можеле да настанат, се на товар на Сопственикот на сметката.
Во случај на злоупотреба на овластувањето / губење или злоупотреба на потписниот картон, Сопственикот на сметката е обврзан веднаш и неодложно да ја извести Банката за настанот, со цел спроведување на мерки за заштита на сметката од понатамошни злоупотреби.
Банката не одговара за евентуалните штети кои ќе настанат за Сопственикот на сметката заради ненавремено известување.

## 3. ВОДЕЊЕ НА СМЕТКА

**Член 4**

Банката може да отвори повеќе сметки на еден резидент со склучување на посебни договори.

## 4. НАЧИН НА ПРИЕМ И ИЗВРШУВАЊЕ НА НАЛОЗИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ И НАПЛАТА

**А. ПЛАЌАЊА**

**Член 5**

Банката ќе ги дозволи плаќањата од сметката предвидени со Уредбата до висина на покритието на сметката и плаќањата иницирани со употреба на домашната платежна картичка која се издава согласно Уредбата и е поврзана со сметката која се отвора согласно овој Договор.
Банката не одговара за штетата која ќе настане заради закаснување во извршувањето на налозите за плаќање под услов тоа закаснување да е предизвикано заради неправилно користење на средствата од страна на Сопственикот на сметката.
Договорните страни се согласни дека Сопственикот на сметката ќе добива известување за одливи на начин дефиниран во член 10 од овој Договор.

**Б. НАПЛАТА**

**Член 6**

Договорните страни се согласни дека сметката која се отвара согласно овој Договор ќе биде ограничена за добивање приливи па Банката нема да дозволи уплати на истата.

**Член 7**

Согласно законските барања, Банката може да побара од Сопственикот на сметката дополнителни информации / документација за основот и оправданоста за направените трансакции кои треба да се реализираат или се реализирани. Во случај, Сопственикот на сметката да одбие да ги достави бараните информации, податоци и документи, Банката врз основа на процена на ризик, може привремено да го одложи извршувањето на трансакцијата.

**Член 8**

На сметката која е предмет на овој договор, Банката не пресметува и не исплаќа камата. Во случај на измена на Одлуката за каматни стапки на Банката, со која измена би се утврдила обврската на Банката за пресметување и плаќање камата, Банката ќе пресметува и плаќа камата и истата ќе ја припишува на состојбата на сметката без измена на овој договор, а Сопственикот на сметка ќе биде информиран за измените преку известување објавено на официјалната веб страна на Банката, известување поставено во експозитурите на Банката и на еден од начините опишани во член 10 од овој договор.

**Член 9**

Банката се обврзува на сопственикот на сметката да му обезбеди:

- Сигурен и ефикасен начин на вршење плаќања од неговата сметката во согласност со Уредбата
- Навремено известување за извршени одливи од сметката
- Навремено известување за сите промени на состојбата на сметката со доставување на Извод за промените и состојбата на сметката
- Тајност на податоците за состојбата на сметките во законски рамки

**6. ИЗВЕСТУВАЊА**

**Член 10**

Кореспонденција меѓу Банката и Сопственикот на сметката за активности и дејствија кои произлегуваат од потпишувањето на овој Договор, ќе се врши по следниот редослед:

- на шалтер
- E-mail или
- последната регистрирана адреса на сопственикот на сметката во евиденцијата на Банката.

Договорните страни се согласни како уредна да се смета доставата извршена на било кој од горенаведените начини.

**7. НАДОМЕСТОЦИ**

**Член 11**

За извршените услуги кои произлегуваат од овој договор во рокот предвиден со член 14 став 1 од овој Договор, Банката не наплатува било какви надоместоци.
По истекот на рокот од член 14 став 1 од овој Договор, Банката овозможува понатамошно користење на сметката како и домашната платежна картичка поврзана со оваа сметка во согласност со условите на Банката и со примена и наплата на надоместоците согласно Одлуката за тарифата на надоместоци за услуги кои ги врши Силк Роуд Банка АД Скопје.

**Член 12**

Банката нема да наплатува надоместоци за затворање на сметката на барање на лицето корисник на финансиска поддршка.

## 8. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ

**Член 13**

Банката на Сопственикот на сметката не му овозможува и дополнителни услуги поврзани со истата.
Доколку Сопственикот на сметката поднесе барање за користење дополнителни производи и услуги на Банката, договорните страни се договараат со склучување на посебни договори.

## 9. ЗАТВОРАЊЕ НА СМЕТКАТА

**Член 14**

Овој договор се склучува на определено време и тоа заклучно со 15 август 2020 година.
Банката има право еднострано да го раскине договорот доколку утврди дека Сопственикот на сметката не се придржува на одредбите од овој договор и / или доколку добие судско решение или налог од надлежен државен орган за укинување на сметката.
Банката ќе ја затвори сметката која се отвора согласно овој Договор на 31.12.2020 година без дополнителни надоместоци, за што задолжително ќе достави известување до Сопственикот на сметката на начин опишан во член 10 од овој договор.

**Член 15**

Сопственикот на сметката не може да го раскине овој договор пред истек на рокот од член 14 став 1 од овој Договор.

**Член 16**

Сопственикот на сметката е запознаен и согласен дека доколку по истекот на рокот од член 14 став 1 од овој Договор сеуште има средства добиена како финансиска поддршка согласно Уредбата, истите не може да ги користи, а Банката ќе изврши поврат на тие средства на соодветна буџетска сметка.

## 10. БАНКАРСКА ТАЈНА И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**Член 17**

Сите документи, податоци и информации кои се стекнати при отворање и водење на сметката во согласност со овој Договор, претставуваат банкарска тајна и Банката е должна да ја заштити и чува, освен во случај кога податоците и информациите се даваат на трети лица врз основа на законски прописи. Банката се обврзува да ги чува во тајност сите податоци до кои ќе дојде при работењето со Сопственикот на сметката. Податоците кои имаат третман на банкарска тајна, Банката може без согласност на Сопственикот на сметката да ги доставува само на лица кои се овластени согласно законските прописи.
Во согласност со законските обврски за заштита на личните податоци, Банката има обврска за заштита на личните податоци за Сопственикот на сметката, за застапникот по закон на Сопственикот на сметката, овластените лица за располагање со средства на сметката и други лица за кои Банката има податоци.

## 11. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

Во рамки на рокот од член 14 став 1 од овој Договор, Банката нема да извршува плаќања врз основа на добиени решенија за присилна наплата, односно средствата добиени како финансиска поддршка согласно Уредбата е иземена од извршување спрема Сопственикот на сметката по било која основа.

**Член 19**

Банката не одговара за прекин на услугите поврзани со извршување на дозволените плаќања согласно Уредбаата и за последиците од настанатиот прекин, кој е надвор од контрола на Банката, односно кој е последица на виша сила и околности кои не можеле да бидат предвидени, спречени, отстранети или избегнати.

**Член 20**

Доколку настанат промени во законските и подзаконските прописи што го регулираат работењето со сметката, Банката ќе ги примени новите законски и подзаконски прописи и одредби кои што ќе влезат во сила во времето на важење на овој договор.

**Член 21**

За се што не е предвидено со овој договор, важат законските и подзаконските одредби, актите и деловната политика на Банката.

**Член 22**

Во случај на судски спорови во врска со склучувањето, исполнувањето, толкувањето или престанокот на овој Договор, адресни податоци на договорните страни наведени во воведниот дел од овој Договор, односно последната регистрирана адреса на Сопственикот на сметката, ќе се сметаат за адреси за доставување на судска пошта, освен ако една од договорните страни изрично не ја извести другата страна за промена на својата адреса.
Во случај на спор во врска со овој договор, надлежен е Основниот суд во Скопје.

**Член 23**

Овој договор е составен во 2 идентични примероци, од кои по 1 (еден) за секоја договорна страна.

**Член 24**

Овој договор стапува на сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

СИЛК РОУД БАНКА АД СКОПЈЕ СОПСТВЕНИК НА СМЕТКА